***РЕФЕРАТ***
***ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ И ОСНОВИ НА Е-БИЗНИС НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ***

На својата седница од 23 II 2007 година, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје определи Рецензентска комисија за избор на наставник по предметите информациски технологии и основи на е-бизнис.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Драге Јанев, проф. д-р Славе Ристески и проф. д-р Бобек Шуклев, по проучувањето на поднесената документација и презентираните трудови на кандидатот, го поднесува следниов

***ИЗВЕШТАЈ***

На објавениот конкурс во "Утрински весник" од 26 I 2007 година за избор на наставник по предметите информациони технологии и основи на е-бизнис се пријави кандидатот д-р Сашо Јосимовски, вонреден професор, досегашен наставник на истите предмети на Економскиот факултет во Скопје.

## I. *БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ*

Д-р Сашо Јосимовски е роден на 21 I 1963 г. во Скопје, каде што го завршил основното и гимназиското училиште со континуиран одличен успех. Во текот на образованието учествувал на натпревари од областа на математиката и физиката на кои освоил повеќе награди и пофалници. Во учебната 1982/83 г. се запишал на Електротехничкиот факултет во Скопје, каде што дипломирал во мај 1987 г. на насоката информатика, со просечна оценка 9.23. Во текот на студиите учествувал на натпревари и во научноистражувачки проекти од областа на информатиката.

На 1 IX 1987 година се вработил во Заводот за информационен систем на град Скопје, како специјалист за развој на информациониот систем. Во тој период успешно завршил неколку IBM курсеви од областа на проектирањето на информационите системи.

На 1 V 1989 г. се вработил на Економскиот факултет во Скопје како помлад асистент по програмирање на електронски сметачи. Во учебната 1988/1989 г. се запишал на последипломски студии на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката информатика. По положувањето на предвидените испити и изработката на семинарските работи, магистрирал во 1992 г. со просечна оценка 10 и со одбрана на трудот “Фрактални карактеристики на нелинеарните економски динамички модели”. Во 1992 г. бил избран во звањето асистент по користење на сметачки машини на Економскиот факултет во Скопје, а во 1995 година реизбран во истото звање.

Во 1996 г. ја одбранил докторската дисертација под наслов “Статистичко-економска анализа на временски серии” на Економскиот факултет во Скопје. Во 1997 г. бил избран во звањето доцент по предметот користење на

сметачки машини, а во 2002 г. бил избран во звањето вонреден професор по предметот информациони технологии. Денес е вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје и координатор за предметите информациони технологии, основи на е-бизнис и основи на интернет архитектура.

Член е на Катедрата за математика, статистика и информатика и Катедрата за е-бизнис, при што во еден мандат ја вршел и секретарската функција на Катедрата за математика, статистика и информатика.

Во текот на работењето кандидатот имал повеќе престои во странски земји заради стручно-научно усовршување и тоа: Чарлс Универзитет, Центар за економски истражувања и последипломски студии, Прага, Чешка; Државен Универзитет на Небраска, Колеџ за Бизнис, Линколн, САД; Државен Универзитет на Аризона, Темпи, Колеџ за Бизнис, САД; Универзитет Деусто, Билбао, Шпанија; учество на 51 сесија на ISI во Истамбул, Турција 1997 г., на 52 сесија на ISI во Хелсинки, Финска 1999 г. и на 54 сесија на ISI во Берлин, Германија 2003 г; Универзитетот во Рејкјавик, Исланд; Фонтис Универзитет за професионална едукација, департман за маркетинг и менаџмент, Ајндховен, Холандија; Универзитетот Западен Владерен, Колеџ за мултимедија и комуникации, Кортријк, Белгија и Академија за е-влада, Талин, Естонија.

Учествувал во неколку меѓународни научноистражувачки проекти и во повеќе домашни проекти, а на дел од нив бил раководител за Република Македонија или учествувал во групите за координација и раководење.

Д-р Сашо Јосимовски е член на тимот за изведување на настава по предметот сметководствени информациони системи и технологии, на последипломскиот студиум по сметководство и ревизија на Економскиот факултет во Скопје, координатор по предметот информациони технологии во осигурувањето на последипломскиот студиум по менаџмент во осигурувањето на Економскиот факултет во Скопје и член на тимот за изведување на настава и испити по предметот европска статистика, информатика и методологија на последипломскиот студиум европски студии за интеграција на Филозофскиот факултет во Скопје.

На покана на Владата на Република Македонија, д-р Сашо Јосимовски учествувал како член на експертската група за изработка на Националната стратегија за развој на информатичко општество на Република Македонија 2005-2010, како и во експертската група за изработка на Националната стратегија за развој на образованието на Република Македонија 2005-2015.

Кандидатот активно учествувал на повеќе семинари во земјата и странство од областа на применети методи во наставата и е-бизнис, и тоа: Развој на наставни програми и проектно ориентирано учење, Охрид, октомври 2002; Воведна работилница во рамките на проектот за поддршка на високото образование во Република Македонија во општествените науки, организирана во рамките на проектот за граѓанско образование, Охрид, 18-20 април 2003; Семинар “Е-бизнис”, организиран од страна на Универзитетот на Исланд и EFTA, Рејкјавик, Исланд, јуни 2003; Семинар “Класичина економетрија и коинтеграција”, организиран од страна на Универзитетот на Исланд и EFTA, Рејкјавик, Исланд, 2002; Дводневен семинар за проектно ориентирани методи на учење, Прилеп, јуни 2004, Темпус проект EBUSMAN; Курс за англиски јазик за професори,

Универзитет Фонтис, Ајндховен Холандија Темпус проект EBUSMAN, 2004 и Академија за е-влада, 2004 Талин, Естонија.

На покана на Американскиот колеџ од Солун, Грција, во коавторство, кандидатот одржал предавање на тема "The Future of E-business in Southeast Europe" на истиот колеџ во мај 2004 година.

Д-р Сашо Јосимовски е член на советот на IT експерти на Македонската асоцијација за информатичка технологија (MASIT), како и основач и член на асоцијацијата Интернет општество – дел за Македонија од 2005 година.

Кандидатот е член на редакцискиот одбор на билтенот на Економски советник Скопје.

Има објавено самостојно или во коавторство 48 научни трудови и статии, две учебни помагала и два учебника.

## II. НАСТАВНО-ПЕДАГОШКА РАБОТА

Својот афинитет кон наставно-педагошката работа д-р Сашо Јосимовски го пројавил уште како студент на Електротехничкиот факултет, кога бил ангажиран како демонстратор на неколку предмети од областа на информатиката, а подоцна и како вработен во Заводот за информационен систем на град Скопје, кога бил предавач на неколку курсеви од областа на користењето на персоналните компјутери во стручните служби на градот Скопје.

Наставно-педагошката работа на д-р Сашо Јосимовски на Економскиот факултет во Скопје ја започна во 1989 година како асистент по предметот програмирање на електронски сметачи. Како асистент по предметот програмирање на електронски сметачи, а подоцна и како асистент по предметот користење на сметачки машини, под раководство и менторство на проф. д-р Драге Јанев и проф д-р Славе Ристески, бил вклучуван во сите форми на наставно-педагошката и научната работа: изведување вежби и настава, подготвување наставни материјали за студентите и учество во проекти. По изборот во звањето доцент во 1997 година, д-р Сашо Јосимовски, како координатор по предметот информациони технологии, ја развива истоимената дисциплина, која за прв пат се јавува во рамките на наставната програма на Факултетот од 1998 година. Од 2002 година, кога се воведе новиот департман по е-бизнис на Економскиот факултет во Скопје, д-р Сашо Јосимовски, како член на групата за развој на наставната програма, беше активно вклучен во развојот на програмата на целиот департман, а пред се во развојот и подготвувањето на наставните материјали за предметите основи на е-бизнис и основи на интернет архитектура.

Како наставник по предметите информациони технологии, основи на е-бизнис и основи на интернет архитектура д-р Сашо Јосимовски успешно ја осовременува наставната програма, како и начинот на изведување на наставата и вежбите. Осовременувањето се огледа преку следење на најновите сознанија од областа на која припаѓаат предметите, преку користење на современи технички можности со кои располага Факултетот, интензивно користење на

компјутерските лабораториии на Факултетот, како и користење на актуелни софтверски пакети наменети за студентите по економија и бизнис.

Од оваа област, на почетокот на својата наставно-педагошка работа како асистент објавил, во коавторство со Проф д-р Драге Јанев и асистент Маја Мицевска, учебно помагало со наслов "Основи на сметачки машини". Подоцна, како наставник по предметот користење на сметачки машини, а потоа и по предметот информациони технологии, најпрво изготвил посебни авторизирани предавања како поддршка на наставните содржини на предметите, а во 2001 година, како резултат на повеќегодишното истражување во областа на користењето на информационите технологии во економската и во деловната практика го објавил учебникот "Информациски технологии". Во 2006 година кандидатот го објавил второто издание на учебникот "Информациски технологии", во кое што сите поглавја се преработени и се вметнати нови поглавја како резултат на новите трендови и сознанија од областа на информационите технологии.

Успешна наставно-педагошка активност на д-р Сашо Јосимовски може да се забележи и на последипломските студиуми каде што е вклучен, и тоа како член на тимот за изведување настава по предметот сметководствени информациони системи и технологии на последипломскиот студиум по сметководство и ревизија и како координатор по предметот информациони технологии во осигурувањето на последипломскиот студиум по менаџмент во осигурувањето на Економскиот факултет во Скопје. Тој перманентно учествува во осовременувањето на дисциплините преку следење на најновата литература, примената на информационите технологии и користењето на компјутерските лаборатории и соодветен софтвер. Како коавтор, за студентите кои го полагаат предметот сметководствени информациони системи и технологии, го објавил во коавторство учебното помагало, "Сметководствени информациони системи и технологии". Афинитетот за тимска работа, д-р Сашо Јосимовски исто така го истакнува и преку учество во тимот за изведување настава и испити по предметот европска статистика, информатика и методологија на последипломскиот студиум европски студии за интеграција на Филозофскиот факултет во Скопје.

Треба да се истакне и неговиот ангажиран однос кон работата со студентите за време на изведувањето на наставата и вежбите, како и изработката на семинарските и проектните задачи. Имајќи го предвид специфичниот апликативен карактер на предметите со кои е ангажиран од почетокот на наставно-педагошката работа, д-р Сашо Јосимовски посебно го поттикнува и го вреднува иницијативниот, континуиран и креативен начин на работа на студентите. Може да се заклучи дека знаењето и искуството стекнато преку повеќето студиски престои непосредно успеал да го имплементира во наставно-научниот процес. Исто така бил рецензент на учебник, рецензент на прирачници за обука на наставници од областа на информациските технологии и член на комисија за одбрана на магистерски труд .

Паралелно со наставно-педагошката работа се занимава и со стручно-научна дејност. Бил учесник во повеќе меѓународни и домашни проекти. Посебно

треба да се потенцира учеството на д-р Сашо Јосимовски на меѓународни конференции и симпозиуми со свои соопштенија и трудови.

## III. СТРУЧНИ И НАУЧНИ ТРУДОВИ

Д-р Сашо Јосимовски во изминатиот период покажал забележителен интерес во научно-стручната дејност. Како резултат на таа активност произлегоа 52 научни и стручни трудови, од кои два учебника, две учебни помагала и 48 статии и реферати на домашни и на меѓународни советувања и конференции. Учествувал во 11 научноистражувачки проекти, од кои дел се со меѓународен карактер, како и во повеќе проценки на вредноста на претпријатијата со општествен капитал во својство на проценител со ограничени овластувања. Оценката на дел од трудовите и проектите, објавени до изборот за вонреден професор во 2002 година, се прикажани во рефератот за реизбор на кандидатот за асистент по предметот користење на сметачки машини, објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.633 од 16 II 1995 година, во рефератот за избор на доцент по предметот користење на сметачки машини, објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.682 од 9 V 1997 година и во рефератот за избор на вонреден професор по предметот информациони технологии, објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 803 од 26 IV 2002 година.

Во извештајниов период, од изборот за вонреден професор во 2002 година до денес, д-р Сашо Јосимовски, самостојно или во коавторство, изработил повеќе трудови.

### 1. Книги, учебници и учебни помагала

1. *Информациски технологии*, учебник, Економски факултет, Скопје, 2006, стр. 300

### 2. Проекти

1. Член на проектниот тим за проектот "*EU Accession in the Balkans: Policy Options for Diversification in the Rural Economy*" ACE Project R98-1090-R (2000-2002)

2. Член на Групата за развој на наставните програми на Темпус проектот "*E-Business Management for the Faculty of Economics-Скопје*" Темпус Joint European Project CD-JEP-17030-2002, (2003-2006)

3. Менаџер за Република Македонија за проектот "*Extending Information Society Networks to Western Balkan countries*", FP6, SSA, (2005-2007)

4. Член на Групата за развој на наставните програми на Темпус проектот "*Master of Ebusiness Management at the Faculty of Economics in Skopje (MEMFES)*" Tempus Joint European Project JEP_40093_2005, (2006-2009)

### 3. Статии

1. “Примена на АНОВА за анализа на ефектите од економската пропаганда на продажниот учинок”, коавтор, *Годишно собрание на здружението за маркетинг "Маркетинг" - Скопје со наслов "Современи методи и техники за истражување на пазарот",* јуни 2002

2. “Web базирани деловни модели”, *Годишник на Економски факултет*, Скопје, 2002

3. “Диверсификацијa на руралната економија како предуслов за одржлив развој на руралните подрачја во Република Македонија”, коавтор, прв научен собир на агроекономисти од балканските земји, со работен наслов "*Соработка на балканските земји во развој на земјоделството и производство на храна*", во организација на ЗАЕМ во соработка со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Скопје, јуни 2002

4. “Регистрација и оптимизација на пребарувачките машини во е-бизнисот”, *Годишник на Економски факултет*, Скопје, 2003

5. “Карактеристики на veb претставувањето во туризмот”, симпозиум *Туризмот и осигурувањето во современите општествено-економски услови, за тематското подрачје "Туризмот во услови на глобализација"*, Охрид 2003

6. “Промоција на veb”, *Годишно собрание на здружението за маркетинг "Маркетинг"* - Скопје, Крушево, октомври 2003

7. “Properties of Macroeconomic Time Series of the Republic of Macedonia”, *54 Session of the International Statistical Institute*, Берлин, 2003

8. “Macedonia e-business readiness for networked world - what should be done”, коавтор, Меѓународен научен собир "*Изазови глобализације*", Економски факултет Ниш, октомври 2003

9. "Developing partnership with local Macedonian companies within E-business department at Faculty of Economics in Skopje", koavtor, Me|unarodna konferencija *Rural Communities and the Интернет*, Клуж-Напоча, Романија, Февруари 2004

10. “Одржливиот развој на агрокомплексот и економијата базирана на знаење”, коавтор, Научно стручно советување *Одржлив развој на агрокомплексот-придонес за европска интеграција*, Здружение на агроекономисти на Македонија, Скопје, 2004

11. “Развојот на информациското општество и економијата базирана на знаење како фактор на евроинтегрирањето” – прв дел, *Економија и бизнис*, број 78, јуни, 2004

12. “Развојот на информациското општество и економијата базирана на знаење како фактор на евроинтегрирањето” – втор дел, *Економија и бизнис*, број 79/80, јули/август 2004

13. “Утицај интегрисаних е-бизнис процеса на менаџмент парадигму”, коавтор, Меѓународен научен собир *Изазови менаџмента у савременим условима*, Економски факултет- Ниш, октомври 2004

14. “Динамичко формирање на цените во е- бизнисот”, *Годишник на Економскиот факултет* Скопје, Том 39, Скопје 2004

15. “Macedonian E-readiness”, *Openning conference for e-business department, TEMPUS project EBUSMAN CD-JEP-17030-2002*, Faculty of economics, Скопје, Април 2004

16. “Национална стратегија за развој на образованието на Република Македонија 2005-2015”, коавтор, Влада на РМ, Јули 2005,

17. “Национална стратегија за развој на информатичкото општество на Република Македонија 2005-2010”, коавтор, Влада на РМ, 2005

18. “Индикатори за мерење на информациското општество”, Меѓународна конференција *Предизвици на новата економија*, Охрид, Октомври 2005

19. “Фактори на успех на ERP имплементациите”, *Годишник на Економскиот факултет*, Вол. 40, Економски факултет, Скопје, 2005

20. “The Macedonian Information Technology Workforce Demand Survey 2005”, коавтор, MASIT, март, 2006

21. “Is clustering helping the industry – the example of the IT cluster in the Republic of Macedonia “, коавтор, 3та Интернационална конференција на ASECU, Банкија-Софија, Бугарија, Мај 2006

22. “Влијанието на IKT и знаењето на економските перфоманси”, *Годишник на Економскиот факултет*, Вол. 41, Економски факултет, Скопје, 2006

23. “Impact of ICTs on global economy - case of the Republic of Macedonia”, коавтор, Меѓународен научен собир, Економски факултет- Ниш, октомври 2006

Од приложените трудови може да се констатира дека во поголемиот дел од нив вниманието на научниот интерес го задржува на примената на информационите технологи во економско-статистичката анализа, како и на влијанието и примената на информационите технологии во деловната практика. Посебно внимание е посветено на моделите и техниките кои се применуваат во е-бизнисот. Како позначаен труд посебно би го одбележале второто издание на учебникот “Информациски технологии”, по истоимениот предмет на додипломските студии. Во него се презентирани и елаборирани сите позначајни информациони технологии кои денес влијаат на економската и деловна практика, меѓу кои посебно внимание е посветено на е-бизнисот и базите на податоци. Исто така посебен акцент е даден на работата со микрокомпјутерите, а особено на работата со програмскиот пакет Excel, како најкористена програма со општа намена од страна на луѓето кои се занимаваат со менаџмент, маркетинг и сметководство.

Исто така, сакаме да го истакнеме трудот “The Macedonian Information Technology Workforce Demand Survey 2005”, кој содржи анализа на побарувачката на IT работна сила во Република Македонија, изработена по прв пат за нашата земја со користење на меѓународно прифатени стандарди. За потребите на анализата извршено е анкетирање преку интернет на селектирани претпријатија

од информациско-телекомуникацискиот сектор на Република Македонија. Во трудот се презентирани состојбите и структурата на IT работната сила во земјата според повеќе критериуми, при што е направена анализа на побарувачката за IT работната сила во земјата во наредниот период.

За одбележување е придонесот на трудот “Macedonia e-business readiness for networked world - what should be done”, презентиран на меѓународниот научен собир "*Изазови глобализације*", на Економскиот факултет во Ниш, во октомври 2003 година. Во трудот е презентирана подготвеноста на Република Македонија за поддршка на информациското општество и подготвеноста на претпријатијата и владата за прифаќање на формите на е-бизнисот. Анализата е направена со користење на меѓународно прифатената Харвард методологија, која овозможува истовремено Републиката да се спореди со останатите држави во однос на степенот на развој на информациското општество и подготвеноста за приклучување во единствениот европски информациски простор.

## *ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ*

Оценувајќи ги развитокот и остварените резултати на кандидатот д-р Сашо Јосимовски на научно-стручно поле од неговиот избор за вонреден професор пред пет години и, особено, неговата наставна, научна и организациска дејност во врска со предметите кои ги обработува и предава на факултетот, Комисијата констатира дека кандидатот направил видни чекори и постигнал нови успеси и резултати во неговата наставна и научна дејност. За тоа сведочи значителниот број научни и стручни трудови, како и учебни помагала, а исто така и учеството на повеќе конференции и симпозиуми со свои реферати и соопштенија. Членовите на Комисијата посебно сакаат да го истакнат фактот што проблемите што се анализираат во трудовите и проектите коинцидираат со информационите технологии и е-бизнисот, како и со нивната примена во економската и во деловната практика, а во тој контекст и со наставните содржини по предметите информациони технологии и основи на е-бизнис.

Имајќи го предвид изложеното, Комисијата смета дека д-р Сашо Јосимовски ги исполнува условите за избор на наставник, па во таа смисла му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, да го избере за редовен професор на предметите информациони технологии и основи на е-бизнис.

Скопје, 2007 год.

Рецензентска комисија

Проф д-р Драге Јанев

Проф д-р Славе Ристески

Проф д-р Бобек Шуклев

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 0202-1253/1
24.04 2007 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 75, став 1, точка 6, а во врска со член 133 од Законот за високото образование и член 30 од Статутот на Економскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата седница одржана на **20.04.2007 година,** ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

1. Кандидатот **д-р Сашо Јосимовски се избира** за **редовен професор** по предметите **Информациони технологии и Основи на Е-бизнис.**
2. Именованиот заснива работен однос за времето на кое е избрана односно до 20.04.2012 година.
3. Во стекнатото звање именованиот се здобива од денот на донесувањето на оваа Одлука, а платата ќе се определи со посебно решение во согласност со Правилникот за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плати и други надоместоци на вработените на Економскиот факултет во Скопје.

**О б р а з л о ж е н и е**

На објавениот Конкурс за избор на наставник по предметите **Информациони технологии и Основи на Е-бизнис,** објавен во весникот “Утрински весник” од 26.01.2007 година, се пријави кандидатот **д-р Сашо Јосимовски.**

Рецензијата за овој избор е објавена во Билтенот на Универзитетот бр. 916 од 02.04.2007 година.

Наставно-научниот совет на својата седница одржана на ден 20.04.2007 година по предлог на Рецензентската комисија во состав:

**1. Проф.д-р Драге Јанев**
**2. Проф. д-р Славе Ристески**
**3. Проф. д-р Бпбек Шуклев**

го избра кандидатот **д-р Сашо Јосимовски** по предметите **Информациони технологии и Основи на Е-бизнис** во звањето **редовен професор.**

Согласно член 141 став 2 од законот за високото образование избраниот наставник заснова работен однос за времето на кое е избран.

Доставено до:
-именованиот
-општа и персонална служба
-архива

**Д Е К А Н**

**Проф.д-р Бобек ШУКЛЕВ**

Република Македонија Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Економски факултет Скопје